Војислав САРАКИНСКИ

УДК: 339.56(385:381)„-04“

# ЗА ТРГОВИЈАТА И ВОЈНАТА: МАКЕДОНИЈА И АТИНА ПОД ТОВАРОТ НА ЗАЕМНАТА ЗАВИСНОСТ

***Кратка содржина***

*Целта на овој труд е да ги испита и дефинира од економски аспект најраните меѓусебни односи меѓу македонското кралство и атинскиот полис. Веројатно уште од VI век ст.е, во обостран економски интерес, Атина и Македонија почнале да тргуваат со дрвна граѓа, воспоставајќи определен степен на заемна економска зависност. Ваквата заемна зависност можела да биде подлога на стабилна и пријателска политичка врска, но, од друга страна, и да предизвика нетрпеливост, дури и војна. Односите на Македонија и Атина не можат да се објаснат со широко прифатените теории на т.н. либерали и реалисти за меѓусебната условеност на трговската размена и војната; анализата на собитијата од V век ст.е. покажува дека односите на Македонија и Атина во првата половина на V век ст.е. соодветствуваат единствено со определниците на т.н. „теорија за идни очекувања“, поставена за прв пат од Копланд (D. Copeland) во 1996.*

***Клучни зборови:*** *МАКЕДОНИЈА, АТИНА, ДРВНА ГРАЃА, ТРГОВИЈА, ЗАЕМНА ЗАВИСНОСТ, ВОЈНА.*

**1.** Периодот од крајот на VI век ст.е., кога персиските воени сили за првпат навлегле на европска почва, па сé до средината на V век ст.е., кога Атина, предводена од Перикле, била на врвот на својата моќ, е одбележан од воени, политички и економски појави и случувања што ѝ се присушти и на современата историја. Во овие бурни децении имало освојувања на територии, политички игри, внатрешни нереди, лични подеми и падови, содржајни трговски зделки и политички наметнувања со економски мотиви. Наративните извори,[1] во различна мера за различно време, даваат доволно податоци за да се воспостави

[1] Главни наративни извори за овој период се делата на Херодот (особено книгите IV и V, во кои историографот го изложува Скитскиот поход и првите операции на персиската војска во Европа), Тукидид (особено првите две книги, во кои е обработен развојниот пат на Атина до превласт во Егејскиот басен), и на Плутарх (животописите на учесниците во случувањата, особено на Кимон и Перикле).

општата линија на случувањата; но, како и многупати досега, историската вистина тешко може да се извлече само од приказите на битки и политички непријателства.

Внимателното испитување на настаните и последователните реакции на учесниците мора да заврши со обид тие да се објаснат; но, тој процес неодложно бара да се расветлат и модалитетите и механизмите кои ги усмеруваат настаните од втор план - а нив во изворите ги нема. Histoire-bataille не е доволна за да се востанови целата слика: настаните од првата половина на V век ст.е. како да укажуваат дека голем удел во случувања, освен политичките, имале и економските фактори. Всушност, се чини дека токму економските интереси инспирирале конфликти и пријателства, а тие пак, од своја страна, дејствувале повратно, та непосредно влијаеле – повторно – на економската состојба.

Загадочноста на овој магепсан круг нé повикува за миг да се оддалечиме од бојната врева и политичките надмудрувања. Во продолжение, ќе го насочиме нашето внимание кон економските закономерности, кои нашле одраз во односите на Македонија и Атинскиот полис.[2] Или, со други зборови, ќе примениме еден сè уште контроверзен метод – ќе испитаме дали однесувањето на Македонија и Атина може да се вклопи во одреден економски модел.[3]

**2.** Чинот на формализирање на односите меѓу Македонија и Персија, вдахновен од заедничките интереси на обете страни, веројатно се случил во 510 ст.е., во мигот кога персиската војска била ангажирана во воени дејствија во непосредното соседство на македонското крал-

---

[2] Согледувањата во овој дел се инспирирани и, во голема мера, се темелат врз наодите во трудовите на Levy, 2001; Reuveny, 2000; Polachek, 1992; Nafziger & Auvinen, 2001 и Copeland, 1996.

[3] Ваквиот пристап често се осудува како контроверзен (или, во поблаг облик, премногу храбар). Накусо, на економистите им пречи тоа што поимите *војна*, *мир*, *соработка* и *судир* се премногу апстрактни за да се вклучат во анализа од типот цена-добивка, присушта на економската методологија; историчарите, пак, го дозволуваат ваквиот пристап само како експеримент, забележувајќи дека нема целосно обработени, ниту пак збирни податоци за ниту еден аспект од античката економија, та оттаму истражувањето може да доведе до погрешни заклучоци. Но, целите на овој труд се поинакви. Сосем едноставно, нас не нé интересираат мерливите детали на економските закономерности во антиката, туку – во колкава мера економските събития влијаеле врз надворешната политика на Македонија или Атина; или, поточно кажано, во колкава мера тогашните homines politici дејствувале и размислувале и како homines oeconomici.

ство.[4] Малку подоцна, во 508 ст.е., под притисок на влошените односи со соседите и потребата за непосредна воена помош, првите контакти со Персија ги воспоставила и Атина.[5] Неприликите со кои во тоа време се соочувал атинскиот полис, нерасположеноста на Персијците непосредно да се вмешаат во хеленските непријателства, но и мошне специфичните потреби на атинската воена сила, создале услови за воспоставање односи меѓу Македонија и Атина, можеби дури и со поттик од персиска страна. Првиот официјален и непосреден контакт – и првиот трговски договор за купопродажба на дрвна граѓа – меѓу Македонија и Атина веројатно се случил околу 507 ст.е. Со ова, Атина, Македонија и Персија ја поставиле основата на еден триаголник на насочена економска меѓузависност, во кој Персија имала надзорна и управителска улога. Персиското кралство имало неброено многу други извори на суровини, та во овој економски модел не му била потребна непосредна заработка. Профитот на персиското кралство бил посреден: на Персија ѝ требало да се наметне пред сè на воено-политички план. Од друга страна, Македонија и Атина дејствувале во насока на непосредниот економски импулс. Влошувањето на односите меѓу Персија и Атина (по учеството на Атина во Јонското востание од 499 ст.е.) не ги нарушило односите меѓу Атина и Македонија, та тие, во обострана полза, продолжиле да тргуваат со дрвна граѓа.

**3.** Првите односи меѓу Македонија и Атина, значи, се засновале врз заемен економски интерес. Без разлика дали најпрвин дејствувала по препорака на Персија[6] (зашто подоцна продолжила да го прави истото сосем самостојно), Атина станала речиси целосно зависна од испораките на македонска дрвна граѓа: тие имале суштинска важност за градењето и одржувањето на флотата, без која, пак, не била остварлива нејзината хегемонија на море и сè што произлегувало од неа.[7]

---

[4] Приказната за првиот контакт меѓу Персија и Македонија - денес главно отфрлена како неисториска - ја дава Херодот (5.17-21). Анализа кај Hammond & Griffith, 1979: 99; Borza, 1990: 102; Errington, 1990: 9; Errington, 1981: 142 и кај Badian, 1994: 108.

[5] Херодот (5.73) зборува за атинското пратеништво кај сатрапот Тисаферн, но не го соопштува крајниот исход од овие преговори. Анализа кај Badian, 1994: 125.

[6] Ова прашање е разработено подетално во мојот труд *Македонија и атинскиот експанзионизам* (478-413 ст.е.), во подготовка за објавување.

[7] Т.е., контролата на виталните трговски патишта за набавка на дрво и жито, контролата на економските и политичките активности на атинските сојузници, превентивните и одбрамбените воени интервенции, обезбедувањето на клерухиите, та оттаму, во крајна линија, дури и улогата на хегемон во Делоскиот, односно Атинскиот поморски сојуз.

Зависноста на Македонија, иако не толку очигледна, сепак била значајна: таа имала постојан и редовен купувач, чии средства, на еден или друг начин, завршувале во Македонија;[8] но, уште поважно е што, со своите резерви и побарувачката за нив, македонското кралство имало важен политички адут, карта која можела да се искористи – и, малку подоцна, се користела – во функција на надворешната безбедност и остварувањето на политички интереси.

Се чини дека *обете страни имале интерес ваквата врска да се одржи* што е можно подолго; па сепак, нивните односи неретко *имале предзнак на нетрпеливост*, што подоцна ќе се развие и во отворено непријателство, а ќе кулминира во предвечерието на Пелопонеската војна. Како да се објасни ова?

Во основа, нашиот проблем се поклопува со едно прашање, кое многупати досега било истражувано во економската наука. Имено, станува збор за дилемата: *дали високиот интензитет на трговска размена – кој создава заемна економска зависност – спречува, или пак поттикнува воен судир*? Проблемот не е расчистен дури ни во круговите на современите теоретичари на економијата: сè уште се води интелектуална битка меѓу припадниците на т.н. либерална струја, и нивните противници, т.н. реалисти. Долгата дебата меѓу либералите и реалистите главно се води околу восприемањето на причинските променливи вредности, т.е. важноста на заедничката безбедносна свест, типот на општественото уредување или релативната воена надмоќ на една од страните. Заемната економска зависност е единствената важна причинска променлива вредност што се зема предвид и се признава од обете спротивставени струи. Но, нивните гледишта за последиците од оваа зависност се остро спротивставени.[9]

**4.** Сржта на *либералната* теорија е едноставна и, според некои, токму затоа и убедлива. Високиот степен на трговска размена не само што ги задоволува потребите на државата од ресурсите поради кои се тргува, туку, преку квалитативно збогатување на општата економска слика, резултира и со значајни општествени придобивки. Задо-

---

[8] Начинот на кој Атина ја плаќала дрвната граѓа сè уште не е расветлен. *Cf.* Finley, 1973 и, особено, Borza, 1987: 102-3.

[9] Преглед на причинските променливи вредности на обете страни кај Mearsheimer, 1990, како и кај Robert O. Keohane, „International Liberalism Reconsidered", in John Dunn (ed.): *The Economic Limits to Modern Politics*, Cambridge University Press, 1990, p. 165-194.

волувањето на стратегиските потреби на државата, како и овие општествени придобивки, на трговската размена ѝ даваат особено позитивна вредност. Нејзина алтернатива е воениот судир, кој подразбира зголемување на државните трошоци, но и ризик во поглед на исходот. Освен тоа, воениот судир, особено против држава со која претходно се водела значителна трговска размена, воедно значи и запирање на трговијата со неа, та оттаму и прекин во снабдувањето со стратегиски важните суровини.

Во секој случај, политичкиот врв на државата решава дали ќе спроведува трговски, или пак освојувачки модел на дејствување: од ова зависи дали државата ќе промовира просперитет преку трговија, или пак ќе покажува наклоност кон воена експанзија.[10] Трговски ангажирана држава, особено држава која прифатила односи на заемна зависност, мора да одбегнува војна. Кога во системот се пројавува значителна заемна зависност, поттикот за војна би требало да е незначителен, зашто е јасно дека преку внатрешен економски развој и стабилизирање на пазарот може да се постигне повеќе одошто со освојување и припојување на големи територии.[11]

Значи, заемно зависните политички единки поскоро ќе одберат да го одржуваат, дури и да го зголемуваат степенот на заемна зависност, одошто да поведат војна. *Сѐ дури е можно да се одржи висок степен на заемна зависност, според либералите, веројатноста да избие војна е незначителна.*

Ставот на современите *реалисти*, пак, влече корени од меркантилизмот на XVII век. Меркантилистите ценеле дека секоја држава неизоставно зема удел во натпреварот за релативна или апсолутна надмоќност, та оттаму и за богатството од кое таа надмоќност произлегува. Експанзијата по пат на војна е исход од потребата да се обезбеди поцврста контрола врз изворите на суровини, но и врз пазарот, преку што се обезбедува и надмоќност.[12]

---

[10] Современите условености ги инспирираат денешните политички единки да прифатат предоминантно трговски модел: современите војни не само што се премногу скапи, туку, со пропагирање и сеопшто прифаќање на трговската опција, благодетите со кои се здобива една држава можат да се користат и од другите.

[11] Rosecrance, 1992. Од истиот автор, *cf. The Rise of the Trading State: Commerce and Conquest in the Modern World*, New York, 1986, p. 13-14, 24-25, како и одличната анализа во „War, Trade and Interdependence“, in James N. Rosenau and Hylke Tromp, (eds.): *Interdependence and Conflict in World Politics*, Avebury, 1989, p. 48-57.

[12] За меркантилизмот и неговата теориска подлога, *v.* Viner, 1948; целосен приказ кај Eli F. Heckscher, *Mercantilism*, London, 1931.

Со ова, реалистите остро се спротивставуваат на аргументацијата на либералите. Според нив, заемната зависност значи и ранливост, зашто ресурсите се под туѓа контрола и, најчесто, пристапот до нив зависи од туѓа благонаклоност. Освен тоа, заемната зависност често предизвикува специјализација или инертност: зависно од надворешни ресурси, но постојано добро снабдено, стопанството се специјализира во производството само на она со што непосредно располага, а се произведуваат комплементарни продукти. Доколку, од каква и да е причина, стабилната трговска врска се влоши или сосем се прекине, стопанството, а со него и основата за политичка и воена надмоќност, ќе се соочи со колапс. Ова, пак, на државите им дава поттик да започнат војна, во најмала рака со цел да обезбедат постојан и непречен пристап до стратешки важните ресурси и со тоа, разбирливо, на своите непријатели да им го оневозможат пристапот до нив. *Оттаму, заемната зависност поскоро драстично ја зголемува, одошто ја намалува опасноста од војна.*

**5.** Обете теории имаат предности, но и недостатоци: тие имаат своја внатрешна логика, поткрепена со математички докази и реални согледувања, но, од друга страна, многупати се јавуваат ситуации кога не можат да се применат во чист облик.[13] И односите меѓу Македонија и Атина излегуваат од рамките на либералната и реалистичката теорија, применети во нивниот чист облик. Факт е дека Атина, токму поради зависноста од македонската дрвна граѓа, честопати претпочитала да не се поставува директно наспроти македонското кралство и неговите интереси; но, од друга страна, во атинската политика мошне јасно може да се забележи тенденцијата да се војува за контрола на стратешките ресурси. Во односите меѓу Македонија и Атина провејуваат детали од обете гледишта, но, како да се спојат нивните спротивставености? Се чини дека одговорот го дава една релативно нова студија, која предлага и трет начин за разгледување на врската меѓу трговската размена и воените судири.[14]

---

[13] Превидите на двете теории јасно излегуваат на виделина, на пример, со неможноста да се објаснат случувањата што ги предизвикале двете светски војни. Периодот до првата светска војна ги покажува слабите страни на либералната теорија: европските сили достигнале дотогаш незабележан степен на трговска размена, па сепак, тоа не ги спречило да започнат војна. Ставот на реалистите во овој случај е правилен – војната уследила поради високиот степен на заемна зависност. Сепак, таквата зависност траела речиси триесет години пред да доведе до војна: дури и да придонела за да избувне војна, зависноста сама од себе не била доволна да ја предизвика.

[14] Copeland, 1996; тешкиот пристап до најновата стручна литература ми го оневозможи увидот во понатамошната примена на теоријата и последователните трудови на авторот.

Либералите и реалистите го набљудуваат проблемот од две различни појдовни точки: вниманието на едните е насочено врз благодетите што произлегуваат од тесните економски врски, а другите зборуваат за последиците од влошувањето на тие врски. Либерализмот и реализмот се теории на споредбена статика, зашто извлекуваат заклучоци преку набљудување на една состојба – состојбата на заемна зависност – во една временска точка. Но, овие пристапи не мора нужно да се исклучуваат: нивните различни појдовни точки можат дури и да се надополнуваат. Токму тоа го прави новата „теорија за идните очекувања“: таа, освен што има динамична внатрешна структура, вклучува во равенството и една нова променлива вредност – субјективната проценка за правецот во кој ќе се развива трговската врска.

Дедуктивната логика на оваа теорија се потпира врз обидите на една држава *да се справи со сопствената состојба на заемна зависност*. Државата решава да воспостави трговска врска и, за таа цел, да излезе од состојба на самодоволност. Ако трговската врска е слободна, отворена и стабилна, ако во неа се остварени потребите и побарувањата на обете страни, тогаш државата со право очекува да ги добие (и, реално, ги добива) сите оние придобивки и благодети од трговијата за кои зборуваат либералите – внатрешен економски развој, квалитативно подобрена економска слика, и т.н. Но, државата може да биде свесна за добрите страни на ваквата трговска врска дури и ако таа сè уште не постои: станува збор за можни или веројатни придобивки кои би се случиле ако, во иднина, трговската врска се воспостави и земе замав – т.е., за пресметаните предности на прифаќањето состојба на заемна зависност, споредена со моментната состојба на самодоволност.

Со други зборови, државата се труди да го *предвиди* карактерот на идните трговски случувања и, во согласност со добиените позитивни податоци, да ѝ даде соодветно предимство на миротворната, трговска опција. Ако државата предвиди дека со прифаќањето на ваквата состојба ќе загуби повеќе одошто би добила, таа решава да остане во самодоволност.

Тука, всушност, лежи клучот за одгатнување на проблемот. Што се случува ако ваквата врска е веќе воспоставена и функционира добро, но државата се обиде да предвиди како ќе се развиваат работите во догледна иднина?

Кога решава да избере меѓу војна и мир, државата го одмерува постојното ниво на зависност, но и вкупната проектирана вредност на размената – значи, вредноста на одржување на мирот во догледна иднина. Моментните придобивки од трговијата не кажуваат ништо за нивната вредност во иднина. Ако очекувањата на државата се позитивни (значи, ако се очекува и другата страна долгорочно да се заложи за слободна и отворена размена), и идната вредност на придобивките ќе биде висока. Од друга страна, ако предвидувањата велат дека другата страна ќе ги влоши постоечките услови – се јавуваат сериозни проблеми.

Секое влегување во близок, заемно зависен однос, подразбира и соодветно менување на политичките и економските определници. Ако потребите за некој стратешки ресурс се задоволени, државата се насочува кон сосем други предизвици. Во мигот кога постојната трговска врска, а со тоа и односот на заемна зависност, ќе се наруши или сосем ќе згасне, државата не само што ќе остане без вкупните придобивки од трговијата, туку ќе претрпи и штета, зашто ќе мора одново да го прилагодува својот економски и политички систем кон новата ситуација. Државата ќе се соочи со поголеми проблеми, трошоци и намалување на општиот стандард, одошто ако никогаш не излезела од состојба на самодоволност.[15] Така, идните придобивки од трговијата веќе немаат никаква вредност; за сметка на тоа, ризикот и трошоците на војувањето стануваат економски прифатливи, та дури и примамливи.

**6.** Накусо кажано, теоријата за идни очекувања покажа дека заемната трговска зависност ќе води кон мир и стабилност само ако обете политички единки претпоставаат дека во догледна иднина нивото на размена ќе остане високо. Ако се јават навестувања дека ова ниво би можело да се намали, политичките единки кои се најзависни од оваа размена ќе покажат и најголема наклоност кон започнување на оружен судир, со цел да го задржат високиот и стабилен прилив на суровини врз кој се потпира нивниот напредок. Останува само уште

[15] Реалистите ја опишуваат оваа ситуација зборувајќи за зависноста од витални суровини, како нафтата. Држава која решила да не се снабдува со нафта однадвор можеби загубила одредени трговски придобивки, но, потпирајќи се исклучиво врз домашни енергетски извори, не е загрозена во иста мера како државата која ја изградила индустриската структура врз увозни суровини, а потоа била отсечена од снабдувањето.

да се провери во колкава мера поставките на оваа теорија соодветствуваат со односите на Македонија и Атина во првата половина на V век ст.е.

Причините поради кои Македонија и Атина излегле од состојба на самодоволност и решиле да воспостават тесна економска врска веќе беа нагласени. На Атина, јасно, ѝ требала дрвна граѓа за изградба на флота; од друга страна, македонското кралство требало да води сметка за расположението на Персијците, но и да ја искористи новата можност за остварување на економски профит, пробив на меѓународниот пазар, а оттаму и подем на политичката сцена во регионот. Уште на почетокот може да се забележи дека причините за воспоставување на ваква врска се многу посилни, ако нештата се гледаат *од атинска гледна точка*: во случајов, Атина е страната што имала непосредна потреба и интерес. Од друга страна, македонското кралство најпрвин морало да реагира во согласност со политичкиот момент, та дури потоа да најде интерес во новата економска врска и да се обиде да ги префрли благодетите на политичко поле. Ова, сепак, никако не значи дека мотивацијата на Македонија била мала: како што економската соработка се развивала и јакнела, македонските интереси станувале сè понагласени, а снабдувањето со дрвна граѓа станало нејзин најсилен политички адут.

Дали, тогаш, ваквата врска можела, на обострано задоволство, да продолжи ad infinitum? Се разбира, не. Проблемот е во тоа што ваквите економски дијади и внатрешните односи во нив не можат да постојат независно од нивното опкружување. Македонија, како и Атина, воспоставале и одржувале односи со многу други политички единки во Егејскиот басен и пошироко. Палетата на односи од атинска страна била неизмерно побогата – се преговарало и се војувало за суровини, но и за територии, за контрола на морски протоци, за економско влијание, во свој и во интерес на сојузниците. Од друга страна, македонското кралство, во ова време речиси автаркично, на надворешниот свет можело – и сакало – да му понуди само дрвна граѓа. Таа дрвна граѓа извесно време ѝ се испорачувала само на Атина, но, сосем јасно, немало посебна причина поради која таквата поставеност на нештата би морала да продолжи во недоглед. Пазарот за дрво бил соочен со сé поголема побарувачка и, во еден одреден миг, Македонија би можела да се реши и за друг купувач. Значи, на теориско ниво,

проблемот се состоел во тоа што степенот на заемна зависност не бил идентичен: *двете страни ѝ придавале различна важност на постојната трговска врска.*

Обете страни, по одредено време, бездруго размислувале за идните развојни правци: тие морале да предвидат што би се случило ако, во догледна иднина, бидат соочени со ситуација во која ќе треба да се снаоѓаат без благодетите од постојната трговска врска. И повторно, перспективите биле сосем различни. Македонија, во најлош случај, би можела да очекува остра реакција од атинска страна, дури и воена закана; но, да не заборавеме дека преку снабдувањето со дрво лесно може да се обезбеди ново воено сојузништво, ако тоа стане навистина нужно. Состојбата на другата страна, особено кон средината на V век ст.е., можела да се развива многу подраматично. Без македонското дрво, за кое не стасала да обезбеди алтернативен извор, Атина во целост би го загубила предимството што го стекнала со флотата. Непријателството против Персија, функционирањето на сојузот, послушноста и верноста на сојузничките полиси, контролата на трговските патишта – со еден збор, сите важни точки во атинската политичка агенда – би биле доведени во опасност.

Дека оваа опасност била мошне реална, кажувале многу нешта, пред сè јакнењето на македонското кралство и зголемувањето на македонските апетити во последните години, но и тоа што Атина не можела да има јасен увид во намислите на Аргеадите. Трговскиот партнер врз чии услуги Атина го втемелила своето величие дотогаш бил исполнителен, но, во иднина можело да се случи буквално сè.[16] И така, дошол часот во кој кај Атињаните се разбудил рефлексот за самоодржување: Атина почнала да размислува за пробив на север, за непосреден пристап до дрвна граѓа, па, ако војната се покаже како доволно исплатливо решение, и за можно воено соочување со Македонија.

Што ја прави војната од ваков тип исплатлива? Секако, очекуваната вредност на воениот судир зависи од односот на воената и

[16] Особено ако се земат предвид минатите искуства, од кои можело јасно да се согледа дека македонското кралство дејствувало и се водело исклучиво според сопствените интереси. Убава илустрација за ова е епизодата од Грчко-персиските војни во која Александар I, инаку евергет (добротвор) на Атињаните, доаѓа во Атина како гласник на персискиот војсководец Мардониј и бара од Атињаните да се предадат. Епизодата е кај Херодот, 8.136-144.

економската способност на обете страни, но тука претежнува *проценката на страната која намислила да започне војна.* Воено и економски инфериорна држава не би требало да поведе војна; таквиот потег е примамлив само за држава која е супериорна на двете полиња, значи, која има поголема воена моќ и доволно силна економија за да ги поднесе трошоците на војната и, воедно, од неа да излезе како победник. Реалната исплатливост на војната излегува на виделина дури по извојуваната победа, кога изворите на суровини, инфраструктурата и производствените капацитети на поразениот се ставаат во функција на победникот или, дури, целосно се апсорбираат во неговиот економски систем. На тој начин, воените дејствија се исплатени токму од нивните придобивки, кои, пак, остануваат продуктивни и откако ќе ги вратат вложените средства.

Нема причина да се сомневаме дека атинската воена моќ во тоа време оставала далеку поголем впечаток од македонската. Во обично соочување, македонската лесна пешадија и аристократската коњаница биле послаб противник во однос на хоплитските одреди, множеството сојузници и моќната флота. Економскиот растеж и надворешната ориентација на Атина бил забележителен, наспроти релативната статичност и самодоволноста на македонската економија. Придобивките од претпоставената војна би биле огромни: со евентуална победа, Атина воспоставала непосредна контрола над неисцрпниот извор на квалитетна дрвна граѓа, давала можност за нејзини населби на клучни стратешки точки, ја штитела заднината на своите сојузници и, во крајна линија, им го отсекувала пристапот до северното крајбрежје на своите непријатели. Навистина, тешко може да се најде причина поради која, во одреден поволен миг, Атина не би се решила за воена разврска во односите со македонското кралство.

Но, како и секогаш, реалноста не била ни приближно толку едноставна. Атина била активна на многу полиња и на многу места, а против себе постојано имала повеќе од еден можен непријател. Атињаните морале да дејствуваат претпазливо, во согласност со сопствените можности: срамежливиот обид за доближување кон изворите на суровини е прва – сè уште мирнодопска – етапа од проектираните дејствија против Македонија, која ја имала хегемонијата на северното егејско крајбрежје. По паѓањето на Кимон во 461 ст.е., определниците на атинската политика за северот останале неизменети, но се смениле

приоритетите. Персија била повторно предизвикана, расположението во Спарта навестувало судир, сојузниците почнале да ја бараат одземената независност, а домашната политичка сцена сé уште била нестабилна.

Најмногу што Атина можела да направи, било да се обиде да привлече повеќе сојузници на северниот брег. На поволен миг за војна против македонското кралство морало да се почека сѐ додека полисот бил соочен со други, посериозни проблеми, и сѐ додека Македонија била премногу силна, за да може безбедно да се нападне. Историјата, пак, ќе покаже дека таквиот миг нема никогаш да се случи. Триесетина години подоцна, Атина најпосле ќе може да преземе конкретни воени дејствија против македонското кралство; но, наместо да војува за македонското дрво, таа ќе се најде во виорот на Пелопонеската војна.

(Рецензент: *ӣроф д-р Наде Проева)*

**ЛИТЕРАТУРА**


Badian, E., 1994, „Herodotus on Alexander I of Macedon: a study in some subtle silences", in Hornblower, S. (ed.): *Greek historiography*, Oxford, p. 107-130.

Borza, E. N., 1987, „Timber and politics in the Ancient World. Macedon and the Greeks", in *PAPS* 131, p. 32-52.

Borza, E. N., 1990, *In the Shadow of Olympus: the Emergence of Macedon*, Princeton, New Jersey.

Copeland, D. C., 1996, „Economic interdependence and war: a theory of trade expectations", *International Security* v.20 n.4, p.5-42.

Errington, R. M., 1981, „Alexander the Philhellene and Persia", in *Ancient Macedonian studies in honour of Charles F. Edson*, Thessaloniki, p. 139-143.

Errington, R. M., 1990, *A History of Macedonia*, Berkeley – Los Angeles - Oxford.

Finley, M. I., 1973, *The Ancient Economy*, London.

Hammond, N. G. L. and Griffith, G. T., 1979, *A history of Macedonia*, volume II, 550-336 B.C., Oxford.

Levy, S. G., 2001, „Psychology and the study of inter-group conflict", *PEPS* Vol. 7. No. 2.

Mearsheimer, J. J., 1990, „Back to the Future: Instability in Europe After the Cold War", *International Security* 15.1, p. 5-56.

Nafziger, E. W. and Auvinen, J., 2001 October, „Economic development, inequality and humanitarian emergencies", http://www.ksu.edu/economics/nafwayne/.

Polachek, S. W., 1992, „Conflict and trade: an economics approach to political international interactions", in Isard, W. and Anderton, C. H. (eds.): *Economics of Arms Reduction and the Peace Process*, Amsterdam.

Reuveny, R., 2000, „The Trade and Conflict Debate: A Survey of Theory, Evidence and Future Research", *PEPS* Vol. 6. No. 1.

Rosecrance, R., 1992, „A New Concert of Powers", *Foreign Affairs* 71.2, p. 64-82.

Viner, J., 1948, „Power Versus Plenty as Objectives of Foreign Policy in the Seventeenth and Eighteenth Centuries", *World Politics* 1.1, p. 10-21.

Vojislav SARAKINSKI

## ON TRADE AND WAR: MACEDONIA AND ATHENS UNDER THE BURDEN OF INTERDEPENDENCE

### Abstract

*The purpose of this paper is to examine and define the earliest relations of Macedon and Athens from an economic point of view. Probably as early as the sixth century BC, following mutual economic interests, Athens and Macedon chose to engage in a process of timber trade, thus establishing a certain level of economical interdependence. This interdependence could become a foundation of a stable and friendly political relationship, or, on the other hand, provoke hostility, even war. The generally accepted theories of the so-called "liberals" and "realists", dealing with the mutual connections and causality of trade and war, are limited in nature and unable to fully explain the model of relations between Macedon and Athens. An analysis of the circumstances in general, as well as the*

*events in the early fifth century BC, shows that the spectrum of relations between the two subjects can be appropriately understood and explained only by applying the so-called "theory of future expectations", put forth by D. Copeland in 1996.*

***Keywords:*** *MACEDON, ATHENS, TIMBER, TRADE, INTERDEPENDENCE, WAR.*